Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр 08 - 325/2
27.09. 2024 год.
ГРАДСКО

**ЗАПИСНИК**
**од 36-та седница на Советот на Општина Градско**
**одржана на ден 09.08.2024 година, со почеток во 15.00 часот**
**во салата на Општина Градско на следниот**

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Записникот од 35-та седница на Советот на општина Градско.
2. Предлог- Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2025 година
3. Предлог- Одлука за давање согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ Градско за учебната 2024/2025 година
4. Предлог -Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ,,Даме Груев,, Градско за 2025 година
5. Предлог – Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.06.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - втор квартал
6. Предлог – Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско
7. Разгледувања на барања и поднесоци.
8. Разно.

Со Седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Градско, Мирјана Ѓорѓиева.

Од 9 Советници, на седницата присутни беа сите 9 советници: Мирјана Ѓорѓиева, Цане Будимов, Даниел Мирчов, Тоше Петревски, Јованче Стојанов, Слободан Бошков, Маја Андовска, Боне Спасовски и Сеат Сулковиќ.

По констатацијата дека постои кворум за работа, претседателот на Советот ја отвори седницата, го прочита дневниот ред.

Дневниот ред беше ставен на гласање и со 9 гласа ЗА истиот беше усвоен.

Советот на Општина Градско, пристапи кон поединечно решавање на точките од дневниот ред за 36-та седница на Совет на Општина Градско.

*1.Усвојување на Записникот од 35-та седница на Советот на Општина Градско.*

Претседателот на Совет на Општина Градско, отвори расправа по Записникот од 35-та седница на Совет на Општина Градско.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, го стави на усвојување Записникот од 35-та седница на Совет на Општина Градско.

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско го усвои Записникот од 35-та седница на Совет на Општина Градско.

*2. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2025 година*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред.

Образложение по оваа точка даде Емилија Тасевска Колева од општинската администрација која истакна дека одговорното лице во институцијата во случајот Градоначалникот на општината има обврска согласно Законот за вработените во јавниот сектор да изготви годишен план за вработување за идната 2025 година и истиот да биде доставен на одобрување од страна на Советот на општината најдоцна до 1 септември во тековната година. Годишниот план за вработување е изготвен и Ви е доставен. Како што може

да видите во идната 2025 година се предвидени 3 нови вработувања и тоа: Помлад соработник за заштита на животната средина во Одделението за урбанизам, Помлад соработник за административни работи во Одделението за човечки ресурси и Работник за извршување на помошни работи во Одделението за правни, општи работи и јавни дејности. Согласно балансерот сите три новопредвидени вработувања се за Македонци.

Слободан Бошков-дали се работи за 3 (три)нови вработувања и кои лица работат по договор во општината?

Емилија Тасевска Колева-предвидени се 3(три)нови вработувања, значи станува збор за јавен оглас на кој секој заинтересиран има можност да се пријави, така да и веќе ангажираните лица преку Агенција за времени вработувања ќе имаат можност за трансформација на работниот однос на неопределено време. лица. Во моментот ангажирани преку Агенција за времени вработувања имаме 5 лица од кои: Катерина Кузмановска, Стојанче Коцев, Изета Суљковиќ и Силвана Трајчева се пријавени на полно работно време и Марија Рунтева е пријавена на дополнително работење од 2 часа дневно или 10 часа неделно.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2025 година

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ и ниту еден ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Градско за 2025 година.

*3. Одлука за давање согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ Градско за учебната 2024/2025 година*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред.

Образложение и по оваа точка даде Каролина Кирова - в.д.Директор на ООУ„ Даме Груев“ Градско. Истакна дека учебната 2023/2024 година ја завршивме со 318 ученика, а новата учебна година ја започнуваме со 314 ученици. Имаме 35 нови првачиња од кои: 2 во с. Виничани, 2 во с. Водоврати и 31 во Градско односно по 3 во с. Виничани и с.Водоврати но, по желба на родителите одлучија истите на сопствен трошок да ги носат да учат во Градско. Самата бројка од 35 идни првачиња говори за тоа дека и годинава ќе има 2 (две)паралелки првачиња. За идната 2025 година приоритет ни е мултифункционалната сала. Во програмата недостасува календар за организација во кој е означено кога започнува првото полугодие и кога завршува второто полугодие но, истиот до денот на доставување на материјалите и одржување на седницата не ни е доставен од страна на Министерството за образование.

Слободан Бошков- Во врска со анкета за сменско работење на училиштето до каде е дали ќе се организира сменско работење и дали сметате дека истото е изводливо?

Каролина Кирова- како што знаете беа пуштени анкетни листови за или против одење во смени во нашето училиште. Позитивната страна на истото е што ќе се овозможи подеднакво сите ученици да учат во двете смени. Од наша страна ќе се потрудиме да го организираме, меѓутоа финансиски ќе биде малку поголем терет за училиштето. Незнам на што ќе наидеме со учениците бидејќи одделенска настава втора смена ќе завршуваат во 17.30 часот, а предметна настава во 19.30 часот, што го наметнува проблемот со затоплување на просториите во зимски услови, едно е греење до 17 часот, а друго до 19 часот.

Боне Спасовски- колку ученици има од седмо до деветo одделение во с.Виничани?

Каролина Кирова- 20 ученици

Каролина Кирова- пред некое време имавме онлине средба со новата министерка за образование на која ни беше посочено дека се наметнува потребата од затворање на подрачните уличишта до 10 ученици, а објектите ќе бидат пренаменети за културно уметнички манифестации. Кочилари бидејќи се јазични нема да биде затворено. Виничани и Ногаевци незнам, Виничани од прво до петто одделение годинава има 13 ученика.

Боне Спасовски- да не се дозволи да се затворат.

Каролина Кирова- нашите подрачни училишта располагаат со одлични услови на крајот на учебната година имавме интегрално оценување и добивме оценка 3.1 што е навистина висока оценка.

Бидејќи никој друг не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за давање согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ Градско за учебната 2024/2025 година

Од присутните 9 советници, со 9 гласа ЗА, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за давање согласност на Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ Градско за учебната 2024/2025 година.

*4. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2025 година*

Претседателот на советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред.

Каролина Кирова в.д.Директор на ООУ „ Даме Груев“ Градско истакна дека со годишниот план за вработување за 2025 година се предвидени 2 нови работни места-возач и сметководител. Сметководствени услуги користиме од Велес,лицето иде еднаш или два пати во месецот но, истото е пренатрупано со работа од кои причини како едно од новите вработување во идната 2025 година е предвидено за сметководител.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2025 година

Од присутните 9 советници, со 6 гласа ЗА, 3 ВОЗДРЖАНИ и нути еден ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ООУ„Даме Груев“ Градско за 2025 година

*5. Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.06.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - втор квартал*

Катерина Минова од сметководствено биро Правеко ја образложи петтата точка од дневниот ред. По однос на истата кажа дека од страна на нивното биро се изработени 2 (двата)квартални извештаи за ЈКП „ Клепа“ и ЈКП „ Комуналец“. Најбитно е каде има разлика во ставките.Имаме зголемување на приходите од продажба во висина од 200.000,00 денари, останатите се пуштените пари од општината, поради што и оперативната добивка е поголема. Основните средства се зголемени поради цесиите со Комуналец. Согласно белешките од финансискиот извештај се ликвидни. Даночните обврски се подмирени.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.06.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - втор квартал.

Од присутните 9 советници, со 5 гласа ЗА, 4 ВОЗДРЖАНИ и нути еден ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за усвојување на Кварталниот финансиски извештај за период од 01.01.2024 -30.06.2024 година на ЈКП „Клепа“ Градско - втор квартал.

*6. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско*

Шестата точка од дневниот ред беше образложена од страна на в.д. Директорот на ЈКП„ Клепа“ Градско-Ванчо Цветков. По однос на неа кажа дека за идната 2025 година ЈКП„ Клепа“ Градско предвидува 4 нови вработувања. Имено станува збор за трансформација на работниот однос на веќе вработените лица по договор на определено време се работи за: Иле Колев,Беким Кастрати и Горан . Инаку до сега во ЈКП „ Клепа“ има вработено 6 лица на неопределено со новопредвидените 3 ќе имаме вкупно 9 вработени. Во блиска иднина ќе се наметне потребата од промена на систематизацијата, истата е стара од 2016 година и работните места скоро сите се предвидени за со средно образование, а како што знаете во претпријатието повеќето вработени немаат средно.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Совет ја затвори расправата, ја стави на усвојување Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско.

Од присутните 9 советници, со 7 гласа ЗА, 2 ВОЗДРЖАНИ и нути еден ПРОТИВ, Советот на Општина Градско ја усвои Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година на ЈКП „Клепа“ Градско.

7. *Разгледувања на барања и поднесоци*

а) Барање од Емил Шаботиќ од Градско за доделување парична помош за новороденче.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на средства за новороденче.

б) Барање од Блашка Лазаркова од Градско за доделување на финансиски средства за лекување.
По разгледување на барањето советниците едногласно со 9 гласа ЗА го усвоија барањето за доделување на финансиски средства.

*9.Разно*

Слободан Бошков- да се исконтактира директорката на градинката во Велес, климите во градинката не работат, децата на плус 40 се згрижени во неклиматизирани простории, истовремено да превземе мерки за уредување на дворот и проблемот со кучиња скитници кои влегуваат во дворот.

Боне Спасовски- да се забрани во дворот на општината на зеленилото да се паркираат возила, просторот да се затвори со ступчниња од страна на комуналното.

Сеат Суљковиќ- на крајот на улицата во Капетанови куќи од страна на Вардар Градско е поставено црево поради што на улицата има поголема дупка истата да се затвори дали ќе биде тоа со бекатон коцки.

Мирјана Ѓорѓиева- имам поплака од група граѓани за паркчето на улица Борис Трајковски истото не е средено и во Стопанството има паднато кабли од уличното осветлување.

Маја Андовска- во Долно Градско нема улични, има паднат кабел. Исто така и лулашките од стариот парк се така оставени долу, луѓето сакаат нов парк не стар.

Откако беа исцрпени сите точки на дневниот ред, Претседателот на Советот на Општина Градско ја затвори 36-та седница во 16:00 часот.

Записник водел:
Емилија Тасевска Колева

Претседател
на Совет на Општина Градско
Мирјана Ѓорѓиева